Врз основа на член 72 од Законот за концесии и другивидови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр. 7/2008,139/2008,64/2009,52/2010), Советот на Општина Крива Паланка, на 30-та седницата на Совет одржана на ден 15.07.2011 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

1. Понудата заведена под бр.08-1503/3 од 12.07.2011 година на понудувачот **Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје** , се избира за најповолна понуда за доделување на договор за Јавно приватно партнерство : Изградба на административно–деловен објект “Мала зграда“ Су+Пр+2 , по основ јавен повик бр.02/2011 објавен на официјалната веб страна на Општина Крива Паланка, во „Сл.Гласник на Општина Крива Паланка бр. 07/2011 „ во ,Службен весник на РМ бр.78/2011 „и во дневен весник „Нова Македонија„ од 08.06 2011 година. .

2.Правата и обврските помеѓу јавниот партнер и приватниот партнер во врска со предметот да се уредат со посебен договор.

3.Договорот да се склучи во рок од 180 дена од денот на донесување на Одлуката за избор на најповолен понудувач.

4. Советот на Општина Крива Паланка го овластува Градоначалникот да го потпише Договорот и да ја следи реализацијата на договорот

5. Одлуката за избор на најповолен понудувач да се објави во Сл. Весник на РМ.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 26,28 и 89 од Законот за концесии и другивидови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009 ,52/2010 ),Советот на Општина Крива Паланка, донесе Одлука бр. 07-1001/27 од 15.04.2011 година, за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на администртивно –деловен објект „Мала – зграда„Су+Пр+2„ со површина од 1.012м2 .

Сочласно член 37 од Законот за концесии и другивидови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр. 7/2008,139/2008,64/2009,52/2010) Грдоначалникот на Општина Крива Паланка со Одлука бр.08-1142/1 од 20.04.2011 година формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство која Комисија изработи тендерска документација за доделување на договор за јавно приватно партнерство .По одобрување на тендерската документација од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка со Одлука бр.08-1142/2 од 05.05.2011 година Комисијата објави Јавен Повик 02/2011. Согласно член 32 од Законот за концесии и другивидови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр. 7/2008,139/2008,64/2009,52/2010),јавниот повик се спроведе со отворена постапка која беше објавен на официјалната веб страна на Општина Крива Паланка, во „Сл.Гласник на Општина Крива Паланка бр.07/2011 , „ во ,Службен весник на РМ бр.78/2011 „и во дневен весник „Нова Македонија„ од 08.06.2011 година.

Проценетата вредност на јавното приватно партнерство изнесува 33.312.011,00 денари или (541.658 Евра ). Јавното приватно партнерство ќе се реализира со заедничка градба при што Општина Крива Паланка стекнува право на сопственост на 46,5 % додека приватниот партнер стекнува сопственост од 53,5 % .

Комисијата за доделување на договорот за јавно приватно партнерство на Општина Крива Паланка, го спроведе јавното отворање на понудите на ден 12.07.2011 година во 13:00 часот, при што констатира дека до Комисијата е доставена една понуда од заинтересиран приватен партнер и истата е доставена во законски предвидениот рок, заклучно со 12.07.2011 година до 13:00 часот и утврди дека ковертот не е обележен ниту оштетен..

Комисијата состави Записник дел. бр.08-1503/4 од 14.07.2011 г и извештајот од спроведената постапка и евалуација со податоците за елементите на понудата кои се читаат на отворањето на понудите

За критериумот висина на надоместокот по м2 кој општината ќе му го плаќа на приватниот партнер :

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 35 бода**

За критериумот временскиот период на плаќање на истиот, искажан во месеци

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 35 бода**

За критериумот времетраење на изведувањето на градежните работи

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 20 бода**

За критериумот динамика на плаќање (месечно, квратално или годишно) на надоместокот

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 10 бода**

По собирањето на бодовите од бодирањата по наведените критериуми, вкупното бодирање изгледа вака :

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 100 бода**

По извршениот преглед врз основа на критериумите и бодирањето, Комисијата даде предлог за најповолна понуда да биде изберена понудата заведена под дел.бр. 08-1503/3 од 12.07.2011 година на понудувачот **Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје** бидејќи има освоено најголем број на бодови според евалуацијата на сите четири критериуми .

По целосно извршената проверка на документацијата и понудите, а согласно со утврдените критериуми за најповолен понудувач по предлог на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство , Советот на Општина Крива Паланка донесе Одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Незадоволниот учесник во постапката за избор на најповолен понудувач може д заведат управен спор во рок од 15 дена од денот на доставување на оваа Одлука.

**Бр.о7-1843/3**
**15.07.2011 год**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прогласување на Одлуката за избор на најповолен понудувач**

1. Се прогласува Одлуката за избор на најповолен понудувач, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/4** | **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** | **Градоначалник,**
**Крива Паланка** | **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 98, став 1, точка 8 од Заштита на децата „Сл.весник на РМ“ бр.170/10“ и член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места и работните задачи на вработените во ОЈУДГ „Детелилнка“ – Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места и работните задачи на вработените во ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка, донесен од Упрвниот одбор на ОЈУДГ „Детелинка“ бр. 02-178/1 од 06.07.2011 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/5** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** | **Претседател,**
**Крива Паланка** | **Милка Митовска,с.р.**

---

(„Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Одлука за давање соглалсност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на работните задачи на врабоаатените во ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на Правилникот за организација и систематизација на работните места на работните задачи на вработените во ОЈУДГ „Детелинка“ – Крива Паланка, , што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/6**
**18.07.2011 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.АрсенчоАлексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22 ст.1 т.13 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.05/2002), член 14 ст.40 од Статутот на Општина Крива Паланка (“Службен Гласник на Општина Крива Паланка” бр.07/2006), Советот на Општина Крива Паланка на ден 15.07.2011 година, донесе

# О Д Л У К А

## За доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка

### Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за талентирани студенти за студиската 2011/2012 година и четири стипендии за талентирани ученици-средношколци за учебната 2011/2012 година од Општина Крива Паланка.

### Член 2

Висината на стипендијата која се доделува на учениците и студентите наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денари по стипендија.

### Член 3

Стипендиите ќе бидат доделувани по пат на јавен конкурс распишан од страна на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на стипендии формирана со Одлука на Совет на Општина Крива Паланка бр.07-2525/3 од 17.07.2009 година.

### Член 4

За условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка важи Правилникот донесен од страна на Комисијата на ден 31.08.2009 година.

**Член 5**

По стапување во сила на оваа Одлука Комисијата ќе распише конкурс за доделување стипендии.

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила осум дена од денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-1843/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Опшатина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/8** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.АрсенчоАлексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на РМ“ бр.5/02“ и член 14, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

О Д Л У К А

**За усвојување на Правилникот за јавност во работата на Советот на Општина Крива Паланка“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го усвојува Правилникот за јавност во работата на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 36 , став 1 , точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 5/02), Советот на Општина Крива Паланка на седицата одржана на 15.07.2011 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## За јавност во работата на Советот на општината

**Член 1**

Овој Правилник се донесува заради воспоставување на стандарди за јавност во работата на Советот на општината, како основа за транспарентно, квалитетно и организирано спроведување на надлежностите на општината, добивање на повратно мислење од граѓаните и подигнување на нивото на одговорност и отчетност на локалната самоуправа пред граѓаните.

**Член 2**

Со овој Правилник се регулира протокот на информации од Советот на општината и неговите работни тела кон јавноста, како и нивните права и обврски во остварувањето на јавност во работата.

Активностите за овозможување на јавноста во работата на Советот на општината и неговите работни тела, се дефинираат во Планот за јавност во работата на Советот на општината.

**Член 3**

Толкувања на одредени изрази од овој Правилник:

- *информации од јавен карактер* се сите информации со кои располагаат Советот на општината и неговите работни тела, освен оние кои со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се предвидени како исклучоци од правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
- *јавност во работата* е непречено, навремено и точно информирање на граѓаните, државните и јавните институции, медиумите, стопанските субјекти и невладините организации за работата на Советот на општината и неговите работни тела, како и овозможување на непречен пристап до информациите од јавен карактер со кои тие располагаат.

**Член 4**

Работата на Советот на општината и неговите работни тела е јавна, освен во случаите предвидени со закон или статутотот на општината кои предвидуваат исклучување на јавноста. Причините заради кои се исклучува јавноста од работата на Советот на општината и неговите работни тела се јавни и се соопштуваат пред одржувањето на затворената седница на Советот на општината и неговите работни тела.

**Член 5**

Јавноста се известува за одржувањето на седницата на Советот и неговите работни тела истовремено со членовите на Советот или неговите работни тела, преку формите за информирање на јавноста а задолжително преку огласните табли на општината и нејзината интернет страница, како и со соопштение за медиумите.

Известувањето за одржување на седницата на Советот и неговите работни тела задолжително мора да ги содржи времето и местото на одржување на седницата, дневниот ред за нивната работа работа, како и известување дека седниците се јавни и дека граѓаните можат да присуствуваат на нив.

**Член 6**

Материјалите кои ги добиваат советниците за работа на седницата на Советот и неговите работни тела се јавни и се објавуваат на интернет страницата на општината, во исто време кога им се испраќат на советниците.

**Член 7**

Општината е должна да овозможи услови за присуство на граѓаните на седницата на Советот и неговите работни тела, што се регулира со дополнување на Деловникот за работа на Советот и неговите работни тела, во однос на следните елементи:

- Максимален број на граѓани кои можат да присуствуваат на седницата на Советот и неговите работни тела во исто време
- Начин на кој граѓаните можат да се најават за присуство на седницата на Советот и неговите работни тела
- Постапка при поголем број на пријавени од местата предвидени за тоа (по принципот прв најавен или дојден – прв услужен)
- Простор за дискусии и предлози од граѓаните и правила за тоа (кој дава и одзема збор, потреба од конструктивност на интервенцијата и сл.)
- Правила за однесување граѓаните во текот на седниците (ненарушување на текот на седницата, начин на давање и образложување на предлози и сл.)
- Услови под кои граѓанинот може да биде отстранет од седницата на Советот и неговите работни тела.

**Член 8**

Следењето на седниците на Советот на општината и неговите работни тела може да се овозможи и преку:

- пренесување во живо на текот на седницата на Советот и неговите работни тела преку ТВ и радио станици, како и преку интернет
- емитување на снимки од текот на седницата на Советот и неговите работни тела преку ТВ и радио станици
- овозможување на услови за следење на текот на седницата на Советот и неговите работни тела во соодветна просторија, каде на екран во живо би се пренесувал текот на седницата

- поставување на снимка од текот на седницата на Советот и неговите работни тела на интернет страницата на општината.

**Член 9**

Јавноста во работата на Советот и неговите работни тела се овозможува и преку пристапот до записниците од нивните јавни седници, кои треба да ги содржат времето и местото на одржување на седницата, присутните и отсутни советници, дневниот ред, одлуките кои се донесени, прашањата кои се разгледувале а не се донесени одлуки за нив, како и резултатите од гласањето за секоја од донесените и недонесените одлуки.

**Член 10**

Записникот станува достапен за јавноста најдоцна еден ден по неговото усвојување а во истиот рок се доставува до членовите на Советот на општината, соодветните сектори и одделенија, на начин на кој секој од вработените во администрацијата може да биде запознат со нив, како и до урбаните и месните заедници на територијата на општината.

**Надзор над јавноста на работата на Советот на општината и неговите работни тела**

**Член 11**

Заради следење на состојбата во спроведувањето на овој Правилник и Планот за јавност во работата на општината, органите на општината заеднички формираат посебно тело - Локален форум за јавност во работата, составено од претставници на здруженија на граѓани, стопанските субјекти и медиуми, како и од претставници на општината.

**Член 12**

Составот на Локалниот форум за јавност во работата, неговите надлежности, процедури и критериуми за работа заеднички ги определуваат органите на општината, согласно нејзините специфики и ресурсите со кои располага.

Начинот на работа и конкретните активности на Локалниот форум за јавност во работата заеднички ги определуваат органите на општината и се составен дел од Планот за јавност во работата на општината.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Одлука донесена по Правилникот за јавност во работата на Советот на Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката по Правилникот за јавност во работата на Советот на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/10**
**18.07.2011 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/2002 г.) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Крива Паланка” бр.8/10), и член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Сл.весник на РМ“ бр. 68/04), Советот на Општина Крива Паланка на седница, одржана на 15.07.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност за остапување на управување на водоснабдителен систем (Метовска маала, Ќусинска маала, Новкова маала, Велкова Падина и Велика нива во село Дурачка река)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за отстапување на управување на водоснабдителен систем за питка вода за маалите (Метовска маала, Ќусинска маала, Новкова маала, Велкова Падина и Велика нива во село Дурачка река на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

**Член 2**

Договорот на отстапување науправување на водоводниот систем со ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка ќе го склучи градоначалникот на Општина Крива Паланлка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 –1843/11**
**15.07.2011 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Одлука за давање согласност за остапување на управување на водоснабдителен систем (Метовска маала, Ќусинска маала, Новкова маала, Велкова падина и Велика нива во село Дурачка река)**

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност за отстапување на управување на водоснабдителен систем (Метовска маала, Ќусинска маала, Новкова маала, Велкова

падина и Велика нилва во село Дурачка река), што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/12** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Крива Паланка бр. 8/10), и член 7 од Одлуката за користење и располагање со стварите на Општина Крива Паланка бр.07-928/3 од 06.06.2006 година, Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За измена и дополнување на Одлуката за давање на движни ствари на физички лица - корисници на социјална помош

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за давање на движни ствари на физички лица – корисници на социјална помош бр. 07-1001/51 од 15.04.2011 година и тоа член 1 се менува и гласи: „Со оваа Одлука се дава во сопственост движни ствари, сопственост на Општина Крива Паланка на физички лица корисници на социјална помош - прозори, врати и други градежни материјалил кои што се отстранети при реновирање на училишната зграда „Партизан“ при ООУ „Јоаким Крчовски“, ООУ „„Јоаким Крчовски“ и ООУ „Илинден“ - Крива Паланка.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За усвојување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за давање на движни ствари на физички лица – корисници на социјална помош

1. Се прогласува Одлуката за давање на движни ствари на физички лилца – корисници на социјална помош, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/14** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р**

---

Врз основа на член 14, став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
### За одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Дополнителни работи на захфат и довод на вода на водоснабдителен систем Craнaчкa река и доопремување на филтер станица за вода за пиење“ – Крива Паланка

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го одобрува Прашалникот за апликацијата на проектот „Дополнителни работи на захфат и довод на вода на водоснабдителен систем Станачка река и доопремување на филтер станица за вода за пиење“ – Крива Паланка, во рамките на проектот на Владата на РМ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Сл. Весник на РМ бр. 154/10“).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За усвојување на Одлука за одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Дополнителни работи на захват и довод на вода на водоснабдителен систем Станечка река и доопремување на филтер станица за вода за пиење“-Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Прашалник за апликација на проект „Дополнителни работи на захват и довод на вода на водоснабдителен систем Станечка река и доопремување на филтер станица за вода за пиење“ – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/16**
**18.07.2011 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
**За одобрување на Прашалник за апликација на проектот**
**„ замена на азбесно – цементни цевки “**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го одобрува Прашалникот за апликацијата на проектот „ Замена на азбесно-цементни цевки “ во рамките на проектот на Владата на РМ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Сл. Весник на РМ бр. 154/10“).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/17**
**15.07.2011 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Одлука за одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Замена на азбесно-цементни цевки“**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Прашалник за апликација на проект „Замена на азбесно-цементни цевки“, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Прашалник за апликација на проектот „изградба на водоснабдителен систем – висока зона на лев брег на Крива Река“

### Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го одобрува Прашалникот за апликацијата на проектот „Изградба на водоснабдителен систем – висока зона на лев брег на Крива река“ во рамките на проектот на Владата на РМ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Сл. Весник на РМ бр. 154/10“).

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Одлука за одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем – висока зона на лев брег – Крива Река“

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Прашалник за апликација на проект „Изградба на водоснабдителен систем висока зона на лев брег на Крива Река“ Замена на азбесно-цементни цевки“, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/20** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Прашалник за апликација на проектот „изградба на водоснабдителен систем „Бадлак“– висока зона на десен брег на Крива Река“

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го одобрува Прашалникот за апликацијата на проектот „Изградба на водоснабдителен систем – десен брег на Крива река“ во рамките на проектот на Владата на РМ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Сл. Весник на РМ бр. 154/10“).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Одлука за одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем „Бадлак“– висока зона на десен брег – Крива Река“

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Прашалник за апликација на проект „Изградба на водоснабдителен систем „Баглак“ висока зона на десен брег на Крива Река“, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/22** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Реконструкција и доградба на водоснабдителен систем за село Конопница - Крива Паланка“

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го одобрува Прашалникот за апликацијата на проектот „Реконструкција и доградба на водоснабдителен систем за село Конопница – Крива Паланка“ во рамките на проектот на Владата на РМ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Сл. Весник на РМ бр. 154/10“).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Одлука за одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Реконструкција и доградба на водоснабдителен систем за село Конопница – Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Прашалник за апликација на проект „Реконструкција и доградба на водоснабдителен систем за село Конопница – Крива Паланка “, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/24** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.АрсенчоАлексовски**

---

Врз основа на член 14, став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за село Крклја-Крива Паланка“

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го одобрува Прашалникот за апликацијата на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за село Крклја – Крива Паланка“ во рамките на проектот на Владата на РМ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Сл. Весник на РМ бр. 154/10“).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Одлука за одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем село Крклја-Крива Паланка“

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Прашалник за апликација на проект „Изградба на водоснабдителен систем село Крклја – Крива Паланка“, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/26** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**18.07.2011 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.АрсенчоАлексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за маалите „Просарци“, „Камењарци“ и „Мачорци“ во село Луке“

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го одобрува Прашалникот за апликацијата на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за маалите „Просарци“, Камењарци“ и „Мачорци“ село Луке – Крива Паланка“ во рамките на проектот на Владата на РМ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Сл. Весник на РМ бр. 154/10“).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**15.07.2011 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Одлука за одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за маалите Просарци, Камењарци и Мачорци во село Луке - Крива Паланка“

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Прашалник за апликација на проект „Изградба на водоснабдителен систем за маалите Просарци, Камењарци и Мачорци во село Луке – Крива Паланка“, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/28**
**18.07.2011 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.АрсенчоАлексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на општина Крива Паланка на седницата, одржана на 15.07.2011 година, донесе

## О Д Л У К А

**За одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за село Дреење Крива Паланка“**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка го одобрува Прашалникот за апликацијата на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за село Дреење– Крива Паланка“ во рамките на проектот на Владата на РМ „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ („Сл. Весник на РМ бр. 154/10“).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-1843/29**
**15.07.2011 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Милка Митовска,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Одлука за одобрување на Прашалник за апликација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем во село Дреење - Крива Паланка“**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Прашалник за апликација на проект „Изградба на водоснабдителен систем во село Дреење – Крива Паланка“, што Советот ја донесе на 30-та седница, одржана на 15.07.2011 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 1843/30**
**18.07.2011 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.АрсенчоАлексовски,с.р.**

---

